| Недела 13 Час 2 **Датум:**<br>Број на час: **26** | | | **ПРВО ПОЛУГОДИЕ Тема 2: 9.2 Енергија**<br>**Наставна единица: Обновлива енергија** | | | **Одд: IX** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Време** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали** | **Доказ за постигнувања** |
| | | | **Опис** | **Ц/Г/И** | | |
| 10<br><br>10<br><br>15<br><br>5 | Користи знаење за енергетски извори, вклучувајќи фосилни горива и обновлива енергија во однос на енергетските потреби на светот | Може да дадам примери за различни видови горива.<br><br>Може да опишам извори на обновлива енергија<br><br>Може да заклучам дека обновливата енергија нема да се потроши доколку постои соодветно управување со залихите. | Прашајте ги учениците да предложат што би се случило кога би ги снемало залихите на фосилни горива. *Кои други извори на енергија би можеле да ги користиме? Како фосилните горива да ни траат подолго?*<br>Заедничка активност за учење на тема енергија.<br>Дајте им на групите ученици различни видови обновлива енергија за проучување.<br>На секоја група дајте ѝ информации за нивниот вид на гориво (пр. работни листови, веб сајтови или учебници).<br>Учениците ги користат сите овие информации за да направат постер. На постерот треба да има цртежи и најмногу 10 клучни збора.<br>Соберете ги изворите на информации, во оригинална форма.<br>Еден ученик од групата останува кај постерот додека другите (‘истражувачи’) ги разгледуваат другите постери и собираат информации. Ученикот кој останува кај постерот мора да ги информира своите соученици користејќи го само постерот како нагледно средство.<br>Другите ‘истражувачи’ се враќаат во својата група и ги споделуваат своите информации со ученикот кој е останат покрај постерот.<br>Сите ученици нека фаќаат прибелешки за сите форми на обновлива енергија.<br>**Заклучете** дека обновливата енергија нема да се потроши доколку постои соодветно управување со залихите.<br>Управувањето со обновлива енергија често налага промена во начините како се експлоатира земјата и може да произведе загадувачи (пр. јаглерод диоксид, загадување со тешки метали). | **Ц**<br><br>**Г**<br><br>**Г**<br><br>**Ц** | Важни видови обновлива енергија кои може да се употребат се сончевата енергија, енергијата на ветрот, енергијата на брановите, геотермална енергија, хидроенергија, биогориво.<br>Како дел од оваа активност, учениците може да создадат дијаграми за трансферот на енергија за секој од видовите на обновлива енергија | Што би се случило кога би ги снемало залихите на фосилни горива.<br><br>Проверка на постигнатоста на целите преку активност на час, точност во излагањето . |

| **Организација: Детали за поделбата по улоги/групи/ возраст** | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | **Клучна терминологија** |
|---|---|---|
| **Вовед:** Организација на цела паралелка. Дискутирајте за различни видови горива<br><br>**Групни активности:** Четири групи имаат различни активности, кои учениците може да ги извршуваат главно независно. Наставникот ја следи работата на групите за да ги поддржи во текот на нивната работа. | **Домашна задача:** Да се направи табела на обновливи извори на енергија<br>**Проширување на знаењата на учениците кои завршиле:** Да побараат и сфатат што претставува енергијата за човештвото | фосилни горива<br>јаглерод диоксид<br>кисели дождови<br>јаглен<br>нафта<br>природен гас<br>животна средина<br>истражува<br>резимира<br>обновливи<br>горива<br>евалуира<br>предности<br>лоши страни |